Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на ден од дневните настани 28.04.2024

Денеска (28.04.2024) во 00.40 часот на локалниот пат кај Горно Нерези, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Т.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.04.2024 во 23.45 часот полициски службеници од ОВР Кавадарци ги лишиле од слобода И.Л.(42) и Р.А.(42), и двајцата од Кавадарци, по претходна пријава од Г.М.(37) од Кавадарци дека во неговата перална во Кавадарци со метален предмет оштетиле брави, електронски читачи и катанец на сандачиња и од них оделе 2.250 денари во разни апоени. Парите се пронајдени и ќе му бидат вратени на сопственикот, а И.Л. и Р.А. биле приведени во полициска станица и по документирање на настанот против них ќе биде поднесена соодветна пријава. Увид на местото извршила увидна екипа од ОВР Кавадарци.

На 27.04.2024 во 20.45 часот во с.Сиричино, Општина Јегуновце, од страна на полициски службеници од Полициското одделение Јегуновце лишен е од слобода И.Т. (33) од Тетово, бидејќи кај него е пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.04.2024 во 22.30 часот на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.М.(39) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.04.2024 околу 17.00 часот полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор Попова Шапка на регионалниот пат Попова Шапка-Тетово поточно на „Шипковачка кривина" затекнале четири лица без документи за идентификација. Според нивно кажување станува збор за Х.О.(21), А.М.(21), М.Н.(27) и Ј.С.(24), сите од Палестина. Со нив бил извршен службен разговор и било констатирано дека во државата влегле на илегален начин, со цел потоа да преминат во Косово. Тие биле предадени на полициски службеници од СВР Тетово, по што ќе бидат пренесени во Прифатниот центар Табановце.

На 27.04.2024 во 20.00 часот полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин Табановце го привеле З.Л.(36) од Р.Македонија, затоа што при извршена пасошка контрола приложил патна исправа на друго лице кое било негов другар. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (27.04.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 142 мерки, меѓу кои за непочитување на брзината на движење 52 санкции, 15 мерки за возење без возачка дозвола, шест санкции за користење мобилен телефон при возење, шест санкции за управување под дејство на алкохол...

На 27.04.2024 во 15.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Благоја Стефковски" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „бме", управувано од Б.А.(29) од Скопје и мопед „хамачи", управуван од И.Б.(45) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 27.04.2024 во 09.13 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул.„Партизанска" во Битола, патничко возило „лада" со битолски регистарски ознаки, управувано од З.Р.(51) удрило во пешакот Ј.С.(73), двајцата од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатиран во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Битола.

На 27.04.2024 во 21.32 часот во Полициско одделение Македонска Каменица било пријавено дека на раскрсницата од ул.„Церска" со ул.„Тапеѓовска" во Македонска Каменица, патничко возило „опел астра" со штипски регистарски ознаки, управувано од М.Д.(19) од Крива Паланка, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле малолетен сопатник од Македонска Каменица и Д.Ц.(18) од Крива Паланка, а со телесни повреди се здобиле уште еден малолетен сопатник и М.Д.(19), двајцата од Крива Паланка, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Делчево.

На 27.04.2024 во 10.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, Н.Н.(47) од Скопје пријавил дека на ул.„Востаничка" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 27.04.2024 во 17.30 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на бул.„Србија" во Скопје мотоцикл „јамаха" со скопски регистарски ознаки, управуван од Ф.Ф.(40) од Скопје, паднал на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклист, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 27.04.2024 во 13.20 часот во Полициската станица Аеродром, Р.С.(20) од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански" во Скопје била касната од куче скитник.

На 27.04.2024 во 17.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локалниот пат с.Глумово, скопско кон с.Сарај, скопско, четирицикл со скопски регистарски ознаки, управуван од малолетник од с.Глумово, паднал на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетен сопатник од Скопје, а возачот се здобил со телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември" и Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 27.04.2024 во 23.10 часот во Полициската станица Чаир, М.М.(30) од Скопје пријавила дека на ул.„Призренска" во Скопје била касната од куче скитник.

Единицата за внатрешни работи Аеродром и Драчево при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Љ.Г.(21) и А.К.(42), двајцата од Р.Србија. Тие се сомничат дека во изминатиот период извршиле 6 кривични дела „тешка кражба" и еден кривично дело „кражба" на велосипеди на подрачјето на општина Аеродром. Двете лица се лишени од слобода, а украдените велосипеди се пронајдени кај пријавените и вратени на сопствениците.

На 27.04.2024 во 11.45 часот на ул.„Беличица" во Гостивар полициски службеници од Полициска станица Гостивар го привеле Ш.Д.(41) од Р.Албанија, поради непријавен престој и работење во фирма во Гостивар без потребната дозвола. Против него ќе следува соодветен поднесок.

На 27.04.2024 во 18.20 часот на локален пат од село Кончe кон село Лубница, општина Конче, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди" со штипски регистарски ознаки, управувано од В.И.(32) од село Лубница, општина Конче и трактор „имт 533" со радовишки регистарски ознаки, управувано од С.Г.(47) од село Конче. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на трактор, констатирани во Клинички центар Штип, а увид на местото извршила екипа на Полициската станица Радовиш.

На 27.04.2024 во 23.40 часот на подрачјето на Центар полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.З.(40) од Скопје, поради тоа што околу 22.00 часот, пред угостителски објект каде бил вработен, со остар предмет го нападнал Д.С.(37) и С.М. двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.04.2024 во СВР Куманово, 72-годишна жена од Куманово пријавила дека била измамена од едно лица за сума од 6.000 денари. Според пријавеното, лицето ѝ понудило огревни дрва и откако се договориле и таа му ги дала парите, тоа ѝ кажало дека дрвата ќе ги донесе од складот во кој наводно се наоѓаат, но не се вратило, по што сфатила дека е измамена. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.04.2024 во 16.50 часот во СВР Велес било пријавено дека на улица „Димко Најдов" во Велес, пред Стар мост, мотоцикл „интајлер" со велешки регистарски ознаки, управуван од С.Г.(38) удрил во велосипед, управуван од Н.Б.(70), и двајцата од Велес. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на велосипедот Н.Б., а со телесни повреди се здобил возачот на мотоциклот С.Г., констатирани во болницата во Велес. По вознаследувањe на јавен обвинител увид на местото извршила увидна екипа од СВР Велес.

Денеска (28.04.2024) во 05.50 часот во СВР Скопје, М.И.(30) од Скопје пријавил дека околу 02.40 часот на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од неколку лица при што му бил одземен мобилниот телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.04.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје, 32-годишна жена пријави дека во домот на подрачјето на Гази Баба во Скопје била физички нападната од нејзиниот сопруг А.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.04.2024 во 08.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Центар настанал пожар во стан сопственост на А.С. во кој бил опожарен дел од покуќнината. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.04.2024 во 05.00 часот на подрачјето на Кисела Вода полициски службеници од СВР Скопје ги привеле К.Т.Ц.(27), А.Ј.М.(25), Д.М.(24) и М.А.Ј.(24), сите од САД, поради тоа што го нарушиле јавниот ред и мир со вербална расправија која преминала во физичка пресметка, а дел од них агресивно се однесувале и кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.04.2024 во 22.00 часот И.Д.(42) пријавил дека во Виница бил физички нападнат од Д.М.(23), двајцата од Виница. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.04.2024 во 17.50 часот во СВР Битола, С.Т.(42) од Битола пријавил дека додека извршувал земјоделски работи во с.Долно Агларци, Општина Новаци, пронашол артилериска граната кал.75 мм од Првата светска војна. Денеска (28.04.2024) од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување граната била безбедно подигната и предадена за понатамошна постапка.

Денеска (28.04.2024) во 01.30 часот полициски службеници од ОВР Прилеп ги привеле О.П(34), Д.Т.(41) и Ф.С.(28) сите од Прилеп, затоа што пред угостителски објект во Прилеп го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.04.2024 година во 01.40 часот во СВР Охрид е пријавено дека во Општата болница во Охрид со телесна повреда од остар предмет бил донесен С.Х.(33) од Скопје. Според негово кажување тој самиот се повредил. Полициски службеници излегле на местото и се преземаат мерки за целосно расчистување на настанот.

На 27.04.2024 во 23.40 часот во СВР Скопје, А.Н.(39) од Скопје пријавила дека на 07.04.2024 околу 21.20 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје нејзиниот малолетен син бил пресретнат од едно лице кое со закана почнало да му пребарува по џебовите, а откако не нашло ништо, физички го нападнало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.04.2024 во 10.40 часот било пријавено дека на Граничниот премин Белановце, патничко возило „мерцедес" со кумановски регистарски ознаки, управувано од И.А.(72) од Косово, со живеалиште во с.Долно Коњаре, кумановско, удрило во зид од објект, сопственост на Царинската управа на РСМ. Според пријавеното, на возачот му откажале сопирачките на возилото. Повредени лица нема, а увид извршила увидна екипа на СВР Куманово.

На 27.04.2024 во 21.50 часот во СВР Тетово, Г.А.(41) од Тетово пријавил дека на ул. „180" во Тетово неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 27/28.04.2024 во периодот од 22.00 до 03.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. При контролата биле откриени и санкционирани вкупно 12 прекршоци (ТЕ-9 и ГВ-3), од кои 10 биле од 0,50 до 1 % алкохол во крвта и еден до 1,5% промили алкохол во крв. При контролата, исто така, биле констатирани и 24 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-13 и ГВ-11). Возачите кои биле под дејство на алкохол веднаш се исклучени од сообраќај и изготвени им се предвидените поднесоци.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет